# ЛИСТА НА ПРОВЕРКИ ЗА БЕЗБЕДЕН НАТОВАР И ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ТОВАРОТ

## Бидете безбедни и прописни!

**Правилниот натовар и обезбедување на товарот во возилото е неопходно за безбеден патен транспорт. Затоа е важно обезбедувањето на товарот во возилото да се направи согласно адекватните стандарди, без прекршоци на националните правила. Со цел да се подобри патната безбедност, ИРУ изготви листа на проверки со совети за безбеден натовар и обезбедување на товарот.**

## ПРЕД НАТОВАР НА ВОЗИЛОТО



Определете соодветно возило за транспортот;



Проверете дали платформата за натовар и каросеријата на возилото се чисти;



Одредете ја оптималната опрема за натовар и метод(и);




Одлучете се за најдобриот метод - за обезбедување на товарот (блокирање, директно стегање со лента од горна страна, или комбинација од двата метода);



Одредете го бројот и типот на стегачи и/или синџири за подобро обезбедување на товарот;



Одредете го бројот на нелизгачките подлоги и бројот на материјали за обезбедување (палети, штитници за агли итн.) за најдобро обезбедување на товарот;

## ТОВАРАЊЕ НА ВОЗИЛОТО И ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ТОВАРОТ




Натоварете ги стоките согласно дозволената тежина на возилото;



Натоварете ги стоките согласно дозволената дистрибуција на товар по оски;


АМЕРИТ
СИЗ МАКЕДОНИЈА СООБРАЌАЈ

IRU International Road Transport Union



Оптимално наредете го и комбини - рајте го товарот (полесните стоки горе, потешките долу);




Проверете дали според безбедносни- те подготовки, силите кои имаат влијание на товарот се рамномерно распоредени и дали лентите за затегање се прицврстени под погоден агол;




Товарете согласно планираниот ред за растовар;



Проверете го квалитетот и состојбата на материјалите за обезбедување;



Осигурете се дека нема непотребен простор помеѓу товарите;



Проверете дали со обезбедувањето не е оштетен товарот и дали товарот нема да ги оштети материјалите за обезбедување.

## ЗА ВРЕМЕ НА ПАТУВАЊЕТО



Кога можете, направете периодични проверки на товарот за време на патувањето;



Секогаш кога се прави растовар, редистрибуција, или натовар, прилагодете го и проверете го обезбедувањето на товарот;




Во ситуација на итно кочење или друг непредвидлив случај за време на патувањето, проверете го товарот на најблиското безбедно место;



Возете внимателно и предвидете ги сообраќајните ситуации, за да избег - нете брза промена на насока или нагло кочење: силите кои имаат влијание на товарот, нема да се зголемат!




**Дознајте повеќе за интерактивните програми за обука на Академијата на ИРУ за безбеден натовар и обезбедување на товарот! www.iru.org/academy**

© 2010 IRU I-0243-1 (мк)

АМЕРИТ
СИЗ МАКЕДОНИЈА СООБРАЌАЈ

www.iru.org
IRU Academy